Оља Савичевиќ Иванчевиќ

# Да се насмее пес

Културна установа Блесок

ЕДИЦИЈА УРБАН ФЛУИД

2009

Copyright © Оља Савичевиќ Иванчевиќ и Блесок, 2009.
© of the translation: S. Fischer Foundation by order of TRADUKI
Ниеден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на кој било начин без претходна писмена согласност на издавачот.

објавувањето на оваа книга е помогнато од
Министерството за култура на Република Хрватска

Оваа книга е објавена со поддршка на ТРАДУКИ, мрежа за книжевност заеднички основана од Министерство за европски и меѓународни работи на Австрија, Министерството за надворешни работи на Германија, Фондацијата за култура Про Хелвеција од Швајцарија, КултурКонтакт од Австрија, Гете институт и Фондацијата С. Фишер.

traduki

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје
821.163.42-32

САВИЧЕВИЌ Иванчевиќ, Оља
Да се насмее пес / Оља Савичевиќ Иванчевиќ; превод од хрватски Игор Исаковски. – Скопје : Блесок, 2009. – стр. 168; 17 см.
(едиција Урбан флуид ; кн. 08)
Превод на делото: Nasmijati psa / Olja Savičević Ivančević. -
фусноти кон текстот. - Белешка за авторката: стр. 163.
ISBN 978-9989-928-99-4 EAN 9789989928994
I. Savičević Ivančević, Olja види Савичевиќ Иванчевиќ, Оља
COBISS.MK-ID 79576074

**Оља Савичевиќ Иванчевиќ**

# ДА СЕ НАСМЕЕ ПЕС

Превод од хрватски: Игор Исаковски

Културна установа БЛЕСОК
Скопје, 2009

содржина


| | |
|---|---|
| Би можело да се каже дека ова е расказ | 7 |
| Детството на режисерот на патните филмови | 16 |
| Патот, павилјонот | 22 |
| Едно попладне со Луција Барбариќ | 29 |
| Вкочанети крофни | 35 |
| Врелите снегови на август | 39 |
| Роб | 44 |
| Убава глад | 50 |
| Вилма Ѓерек, мачена од страсти, ја повикува љубовта и ја очекува смртта | 60 |
| Матине | 67 |
| Чудо во Омишка | 73 |
| Жолта конзерва | 80 |
| Педери | 87 |
| Херој | 92 |
| Професионален Сирано | 98 |
| Американдрим | 106 |
| Канарски острови | 110 |
| Вџашувачката Кристина | 114 |
| 3-мајка во епизодата: Фантомската госпоѓа Укурција | 121 |
| Деловно патување во Тамбура | 126 |
| Иги Поп | 131 |
| Мува | 139 |

Да се насмее пес 147
Забава за мрзеливите ќерки 157

белешка за авторката 163

**Би можело да се каже дека ова е расказ**

Постои тој расказ за кој со денови веќе размислувам. Всушност, размислувам за него веќе дваесетина години, но дури пред некое време забележав дека станува збор за расказ. Се вика *Море зад облакодерот*, а проблемот со него е што може да се собере во само една реченица:

*Годината осумдесет и шеста моите родители се разведуваа и јас тоа лето го поминав кај баба ми во поголемиот град, а морето можев да го видам само од врвот на облакодерот.*

Всушност, толку ме опседна што решив што побрзо да ја посетам баба ми која уште живее на деветтиот кат од тој ист облакодер. Баба сега веќе е многу стара, но и понатаму секојдневно оди на фризер за трајна и со тета Мицика прават торти кои ги украсуваат со шарени трошки и цвеќе од марципан, па ги продаваат за родендени и други пригоди.

– Да кажеше дека доаѓаш, ќе ти направев зајак со њоки – се развртка низ кујната. – Ма, ќе останеш да си поручаш?! А мор, з'ш порано не се јави, еј!

*Годината осумдесет и шеста моите родители се разведуваа и јас тоа лето го поминав кај баба ми во поголемиот град, а морето можев да го видам само од врвот на облакодерот.*

*Го минувавме летото, баба и јас, во одења на пазар и на фризер, каде што имаше многу жени кои седеа под хауби.*

*Баба често ми го готвеше омиленото јадење: зајак во црн сос со њоки. А попладне одеше кај тета Мицика да прават роденденски торти кои ги посипуваа со шарени трошки...*

– Ти ме м’меше дек’ читаш лектира, а бегаше горе на балконот од облакодерот да си играш со оној твојон ѓаол Зане Донков.

Зане Донков учи за поправен во малата гарсониера во која со татко му живеат на врвот од облакодерот. Пуши. Тој е седмак, а може ќе запише и осмо, сè зависи. Јас не се дружам со такви кои пушат и одат на поправен.

*... Едно попладне, се решив со лифтот да се качам на четиринаесеттиот кат, па потоа по оние шест тесни скалички, и што потивко да ја отворам црвената метална врата... Од терасата мора да се гледа морето. Се протнувам низ алишта, шума од чорапи, полиња чаршафи. На крајот на мојот пат – на оградата седи момче. Ги клати нозете на почетокот на амбисот и во небото дува крукчиња тутунски чад. Грбот му е бакарно-кафен и гол, на себе има само хавајски бермуди, стапалата боси, палецот крвав, здробен. Опасно левитирајќи на таа ограда под која автомобилите на улицата изгледаа како Бурагови аутца, Зане Донков во знак на запознавање ја крева својата нога и под носот ми го става расцутениот палец:*

*– Без фластер.*

*– Аха – кимнувам со главата не баш одушевена.*





*Зане има коса жолта и кадрава. Знае многу нешта кои момче на негови години не би смеело да ги знае. Секој ден кога баба ќе отиде кај тета Мицика, јас ја оставам својата лектира и брзам, брзам на четиринаесеттиот кат. Таму е Соер, Квржица*[1]*. Јас сум понекогаш Пипи, но главно Алиса во Земјата на чудата. Тој ме вика мрсулка, мене не ми пречи. Кога немаме попаметна работа, одиме по оградата над градот. Долу, како на сликовница, зад зградите, парковите, плоштадите и улиците, се гледа плажата и пристаништето во далечината и некое мало море, многу модро, со чунови од хартија...*

Баба го постила чаршафот, ѝ помагам да ја намести масата за ручек. Сè уште е исправена и вита. Редовно ја бојосува косата. Кога ќе се насмевне, а се смее како и јас, широко, ѝ се гледаат златните петка и седумка, горе лево. Ме прашува дали да ги смени тие заби со порцелански, таква тогаш била модата, златни заби. Ѝ велам дека вака е многу убава, дека забите ѝ се баш прекрасни и дека денешните поп ѕвезди ставаат дијаманти во забите, а тоа ти е сè слично. Задоволна е, додава дека сите останати заби, освен тие два, се нејзини. Се чини многу горда на тој факт. Сосот мириса од садот, но прво морам да ја изедам супата.

*Најсилни заби на светот имаше Зане Донков. Тоа момче со заби отвораше шишиња, можеше да прегризе што било. Тврдеше дека еднаш му ја одгризал главата на гулабот*

1. Перо Квржица, лик од делото „Бандата на Перо Квржица“ од Мате Ловрак. (заб. прев.)

*кој постојано доаѓал да сере врз алиштата. Беше страшен тој Донков Зане.*

*Едно мрзеливо, пеколно жешко попладне, лежевме под спружените чаршафи и женски гаќи кои висеа од сушарницата.*

*– Еднуш од овде здиплив женски гашчи, ама тате ме опра од ќотек, и сега по-тро ги зема дур’ немат никој и одма ги врашча назат.*

*– Што ќе ти се тебе женски гаќички?*

*– Е, мрсулке, мрсулке. Хахаха, а шо ќе ми се? Па мојш сешчо, мојш да ги мирисаш...*

*– Бљааак.*

*– Ама то е п’убо ко се валкани.*

*– Одвратен си и лажлив лажго!*

*– Мислиш. А ќе ти докажа дека не су’. Еј, шо се збрлај, немој ушче да ми плачиш. Хехе, шо мрсулка си ти. Сигурно никогаш не си видела гол чоек.*

*– Не е баш вистина, секое сабајле ѝ го гледам на баба ми газот кога ја соблекува спалната!*

*– Да, на баба ти г’зот. Тс, па то ич не се важит, ја со тебе ќе збрлава.*

*Се налактува и важно затресува со својата убава глава, па потоа го вади последниот тутун од кутијата. Јас ги повлекувам првите два дима. Ги стискам солзите во очите и кашлањето во грлото:*

*– Доста ми е, не ми се пуши денеска – едвај испуштам.*

*Тој го дува чадот низ нос и раскажува:*

*– Ја бев ушче поаџамија од тебе ко им ги видов г’зојте*





*на сите момички на школа. Ќе влезев во женскиот клозет, ќе се качев на шолјата и ѕиркав преку ѕитчето во то до него. Дур’ еден ден учителката од акавец не ја стреси пролив и влета во школскиот клозет. Море смрдла, излетав ко гром и тука ме видоја дек’ излегвам од женскиот клозет, некој од гуските се пожалиле дек’ ме виделе дек’ ги гледа дур’ се мочет и добив укор од наставничкиот совет. Ама, то сега ми се стварно детински рабоќе... Е зн’јш ти Ванеса од седмо?*

*Ја знаев Ванеса, таа годинава ќе биде прва средно, живее карши тета Мицика.*

*– Е, та ми даде да е, она, де... поеба. Дур’ три п’ти.*

*Ме погледнува в очи и го фркнува угасениот опушок до работ на терасата. Чувствував дека лицето ми гори.*

*– Сакаш да вѝш како?! Еве вака!*

*Се превртува преку мене, па се стркалуваме како две кутриња, а потоа ме притиска под себе и ми втиснува целувка на усните. Ммммм... не можам да го мрднам лицето, ниту да ги ископам рацете од под неговите... сѐ што можам е... па да – да го гризнам за нос! И така да го држам.*

*– Аааааа. Пуштај! Само се смеев, еј мрсулке. Па ти си боја бала пријателка. Неба уш еднушка, жиби бајка.*

*Во секунда бев неколку катови подолу. Црвена пиперка, ама и не баш толку лута.*

Ми клава веќе втора пајнца тестенини, жолтиот пармезан го сипа врз црвениот сос.

Во стариот двоглав касетофон секогаш се врти истата касета: А-страна – Тереза Кесовија, Б-страна – врз Оливер

преснимена странска топ-листа, на моите раце дело, сторено, како што водителот акустички документирано вели: првата сабота во август *годината осумдесет и шеста. Моите родители се разведуваа и јас тоа лето го поминав кај баба ми во поголемиот град, а морето можев да го видам само од врвот на облакодерот.*

Мислам на тој свој расказ-реченица. Сè што би можела понатаму да додадам ми се чини одвишно. Сиот драмски набој, атмосферата, заплетот, климаксот и расплетот на тоа лето ги собира во една реченица. Јас можам понатаму да раскажувам, да го барам загубеното време, на триесет и две страници да ламентирам држејќи ја кваката на влезната врата од бабиниот стан; би можела да раскажувам и да лажам знам, но, да бидеме искрени – тука завршува расказот. Уште на почетокот. Ако сакам да напишам расказ за тоа лето, најважното во моето детство, после кое веќе ништо не беше исто, дали ќе морам одново да ја измислам?

– Ма, не би те оставала ја тебе сама... ама ко се беше зацапала во Мицикиниот Роби, па од страм не сакаше со мене да ојш ке нејзе. Ил' си мислиш дек' ја не зна'?! Онака смешен, плав, пуцвал, а дивјакот стално таков, стално казнет, стално на поправен, кутрите родители. Бегај, бегај, и поарно шо со него не се играше!

– Ајде, бабо, не бев затрескана во тој Роби, едвај го памтам. Знаеш дека бев вљубена во Зане Донков.

– Хухуху, ма шо ушче ќе чујам! Ќере моја, божем ја не знам дека ти Зане Донков го измисли, од каде само го извлечка... од лектира? Ни денес не сфаќам шо кој ѓаол барање горе на облакодерот. Освен сушари, горе ништо нема. Знам дека ти беше досадно со старата баба и сето тоа шо беше со мајка ти и татко ти, сигурно те погоди, а нормално. Било па минало! Фала богу, нели?! Е. Туку, се сеќаваш ли на онаа мала Ванеса, карши Мицика. Е нејзе Роби ја ожени, се сплеткале уште во основна чколија, ама ќе да сега се разведуваат...

– Грешиш, бабо, постои Зане.

Му напишав писмо во кое сè му опростувам и, јас и тој, пак можеме да бидеме стари пријатели, ама никогаш веќе не смее да ми ја бакнува устата, барем додека не наполнам дванаесет или самата не му кажам.

Се прикрадов во прозорецот на гарсониерата, отворените стакла со тресок се затвораа и отвораа на попладневниот маестрал. Помислувам дека можеби не е тука, дека денеска не ме чека, дека се налутил што онака го гризнав за носот. А потоа слушам нешто... вака беше:

*– А-а-а-ааа. А-а-а-ааа. А-а-а-ааа...*

*Ванеса лежеше на каучот сосема неподвижна, гледаше во плафонот и го испушташе тој рамномерен звук. Врз нејзе лежеше Зане, црвен во фацата, баш грд, хавајките му беа спуштени до глуждовите, а мазниот гол газ забрзано му се мрдаше горе-долу, горе-долу.*

*Никогаш повеќе не се качив на терасата.*

*Задутредента дојде мама и ме однесе во нашето гратче без облакодери каде што, кога се мирни вечерите, може*

*јасно да се чуе морето како удира во брегот, толку е блиску. Сè беше исто, само што татините влечки повеќе не чекаа на него во претсобјето. Повеќе не го чекаше ни мојата мајка. Само јас, секој втор петок попладне.*

*Често одев кај баба ми, но никогаш повторно не го сретнав Зане Донков. Во седмо одделение се вљубив во еден долгокос металец кој ме научи како се бакнува филмски, со јазик. Се трудев да го засакам и металот, но не ми одеше, воопшто.*

На излезот ги бакнувам бабините образи, а во лифтот наместо *приземје* го стискам копчето со број четиринаесет.

Шест скалички, метална црвена врата, баш како и пред дваесет години и сушална со алишта полни ветар. Едри бабиниот облакодер, некогаш највисок во градот, можеби се доближил некој метар поблизу до морето.

Всушност, на врвот на облакодерот ја нема онаа мала надоградена гарсониера, ја нема повеќе или никогаш и ја немало, сега е сосема седно.

Том и Квржица и Зане Донков имаат засекогаш тринаесет. Како Зане би можел да биде Роби на тета Мицика, да има триесет и три!?

Што било навистина, што ли сум измислила, не знам да раздвојам. Мислам дека ни тогаш не знаев. Како вистинито ќе го раскажам мојот расказ, токму онака како што беше, ако повторно не го измислам.

И признавам, и баба ми веќе одамна ја нема горе на





деветтиот кат, умре пред неколку години, како и тета Мицика со која некогаш правеа торти украсени со цвеќе од марципан и посипани со шарени трошки.

Но прилично сигурно знам дека би можело да се рече дека баш сè би било баш вака како што напишав.

(струшкиот дијалект во расказот го уреди Сашо Димоски)

## Детството на режисерот на патните филмови

– Тоа ти се најдобри години, дванаесет, тринаесет – тврди Франци – со дваесет си веќе стар.

Седат на паркиралиштето зад основното школо, Мариица, Тања и тој. Почеток е на летните празници. Калта се претворила во жешка прашина, во која Франци ги закопал табаните. Успеа незабележано да ја пикне главата во Тањиниот скут, таа малку се сепна, но не го оттурна. Среќен е.

Блескавото сонце го гори по челото и образите, зборува ли зборува, а девојчињата слушаат. Колку е само среќен!

Сестрите нешто уплескале дома, па за казна не смеат подалеку од зградата. Парчето небо помеѓу облакодерите го прелетуваат галеби и тоа е сè, освен нивните крици нема ни звук. А сите други се веќе на плажа. Се фрлаат од големиот мост во плиткото, фрлаат морски краставици по жените кои врескаат. Секое лето исто, си шепоти Франци во себе дека ништо не пропушта. Добро му е тука кај што е.

На пладневното сонце светкаат каросериите на автомобилите, металната мазна кожа на силните грла.

Мариица лиже сладолед на стапче, чоколадото се топи и се впива во прашината. И ништо не се мрда освен црвените мравки под ѕитчето на кое седат тие тројцата. Франци го слуша своето срце во слепоочницата која го притиска Тањиното кафеаво колено. Тања го гледа Франци.

– Имаше нешто за тоа и во новини, ама не многу. Тој тип од тринаесет години, Џони, украл јагуар. Знаеш, јагуар, најјако ауто?! Црно, металик – прав пантер, лудило. Тоа било у Австралија, скоро. И замисли! Со него биле две женски, баш ко вас две, на ваши години: едната дванаесет, другата скроз мала, осум. И тројцата, не знам како, ама пази, успеале да го украдат тоа ауто, шибале низ она пустињата преку двеста на саат. Знаеш ли ти ш'о е аустралска пустиња?! Замисли, ова сега, оваа температура кај нас, тоа кај нив ти е ко среде зима; гумите од вруќина пукаат на асфалт, нигде никој, ни вода, ни ветер. Само мртви кенгури. Замисли, Тања. А они, тројцата, песто километри ѝ бегале на полицијата. Спиеле у мотел у некој пичковац, аутото го покриле со церада цајканите да не го снимат. У мотелот дошла локалната банда. Сакале да ги силуваат женските, ама дечкото Џони ги зезнал, им киднале. После ги препознале на пумпа, дошол таму некој ко нивни шериф и сите други со џипови. Била брканица низ пустината. Јагуарот бил цел црвен од земја. И џиповите по него, полицајски. Тука им снемало бензин, нешто така, и после ги однеле дома.

– Па кај иделе? – прашува Мариица, очите ѝ се големи, устата чоколадна.

– Па битно ли е кај иделе!? – Франци набрзина ја погледнува Тања, да го провери ефектот на своите зборови.

– Возењето е важно по себе, тоа е слобода. Уш'е си мала па не разбираш. А ние да имаме некоја пустиња, и ја исто ко тој Џони би ... ние сме географски оневозможени, сфати. Нас тројцата полицајците би нè фатиле пред Неориќ.

Тања се смее. Тоа го плаши и му дава храброст. Ја гледа в очи, вели:

– Ама тоа ќе го направиме во следните неколку дена. После е веќе касно. Не ти се прави, остаруваш.

Истата таа вечер Мариица го извлече својот електричен боби од дрварницата, а некаде пред зората весело брмчеше низ уличките на предградието кон излезот на градот.

Малку им свиреше на мачките кои претрчуваа преку патот, ги испеа сите рефрени на кои можеше да се сети, а потоа паркира покрај работ од асфалтот и го изеде сендвичот со сирење, го испи сокот.

Уличните светла почнаа да се гаснат, небото се забели, поминаа и два автомобили. Еден возач го спушти прозорското стакло:

– Еј, девојче, што правиш?

– Надалеку патувам.

– Така ли?! А каде ти е домата? Не би смеела да бидеш далеку од дома...

– Ма тука ми е куќата, еве ја! – се снајде малата и покажа со прстот некоја куќа покрај патот, околу која растеше зелка.

Возачот се насмеа, малку заврти со главата и продолжи по патот.

На раскрсницата реши да вози по покусиот пат, низ маслениците и лозјата, таму нема да има големи аута...

Сонцето веќе стана врело, па го наби шапчето на глава, а потоа, за да се забави, повторно запеа на цел глас. Црвениот боби малку се закашла, па сопре. Попусто ја притискаше пластичната педала за гас. Ни да мрдне.





– Што би направил храбриот Џони? – помисли Мариица, го протри носот, ги размачка солзите, воздивна два-три пати, ги извади врвците од чевлите, цврсто ги врза една за друга, а потоа за аутцето. Го повлече неколку метри, па сопре. Уште неколку метри, па пак сопре и конечно клапна на земја покрај својот болид.

Тука патчето завршуваше. Влегуваше во рид. А од десната страна, оградена со жица, се простираше жешка румена земја со по некој чик и џбун на дива ружа.

Последното што девојчето го виде низ маглината беа чудни големи кокошки кои трчаа по црвената прашина на пустината држејќи ги исправено ситните главчиња на долгиот, долгиот врат. На обесената шперплоча со мали букви пишуваше: фарма, а под тоа, со големи: АВСТРАЛИЈА. Весело се насмеа, ја пикна зашеметената глава под аутцето и така, донекаде скриена од горештината, заспа.

Пладневното сонце се завлече под затворените клепки, некој го крена бобито и во блескавото светло над себе Мариица здогледа лице на непознато момче во карирана кошула и две-три збунети оклести птичји глави врз долги вратови.

– Што прафело ти тука, литл грл?

– Мај нејм ис Мариица. Ај ду мај слип. Дремкам.

Девојчето неочекувано бргу се исправи на нозе и се тргна малку подалеку од птичиштата:

– Какви ви се тие луди чикн?

– То е ној. Офа е фарма на ној. А ја су барба Метју, Мате од Сидни, Острелија.

– А нојот во Австралија живее?

– У Острелија шивее ему, то ти е слично на ној – рече момчето во карирана кошула, пред да ја однесе под сенка и да ѝ даде да пие.

Ја голташе водата заедно со воздухот, толку жедно што ја болеа вилицата и грлото.

– Сеа ќе дојдат џиповите по мене?

– Аа? Шо кашало?

– Џип, џип од полис, тину-нину...

– Леле, ти литл грл, богати, какфа полис... Ајде јафило ти тфоја мама дојде, ефе мај мобил...

Мариица се смурти, но веднаш се досети... Ја обеси брадата, ја испрчи долната усна, а очите во миг ѝ се претворија во езера тага:

– Аааа, ја не, не, не го зна-аааа-ам б-б-бро-о-ooj-от... не го зна-аа-ам б-б-б...

По неполни дваесет минути, пред фармата за нoеви на Метју Шегота го паркираше службениот џип инспекторот Џирлиќ. Им приоѓаше во измаглицата на пладневната омарнина, како фатаморгана, а џипот баш беше црвен од прашината.

– Дуј у спик инглиш, ср? – сериозно го праша Мариица.





****

Веќе утредента Мариица и Тања седеа на затворената трафика покрај паркиралиштето. Казнети. Пак забрана за капење поради вчерашната авантура. И за Тања, за секој случај.

Франци помина во влечки и гаќи за капење со пешкир преку рамото, целиот зготен. Свиркаше, гледаше право, помина бргу, промрмори поздрав.

– Еј Франци! – викаше од трафиката убавата Тања, кафеава како чоколадо. – Слушна ли?! Мариица возеше до Австралија, ја видела црвената пустиња! И птиците ему! ... И мртов кенгур! – додаде за секој случај.

– Аха, само ш'о не умрев у пустињата! А после ме спаси мистер Метју и џипови дојдоа по мене, полицајски... Ако сакаш, можам да ти покажам јајце од птицата ему! – му довикна Мариица важно, лижејќи сладолед.

Франци одмавна со раката:

– Брзам! – го засили чекорот.

Ја слушна тој таа приказна, сите само за тоа зборея. А воопшто и не е права Австралија, глупости.

Зад аголот ги стисна дланките со сета сила, па побрза уште пожестоко влечејќи ги папучите врз врелиот асфалт, газејќи ги без милост црвените мравки.

## Патот, павилјонот

Беше рано утро кога се спушти од автопатот на магистралата, а потоа зад свиокот здогледа девојка со кренат палец. Стоеше пред некоја крчма, крај патот, која што нудеше јагнешко, паркинг и ноќевање, но сега не беше отворена. Се чекаше сезоната, беше само средина на април. Пластичните столови беа врзани под тремот, прекриени со проѕирна церада полна дождовница и изгниено цвеќе.

Девојката ја крева торбата од под правливиот олеандер и му приоѓа на спуштениот прозорец од автомобилот. Утрата се уште свежи, ѝ се наежила кожата на вратот. Има многу куса коса и многу долги кркми, носи јакничка од тенка кожа и пругаво здолниште до колена. Здолништето се виори. И прамените коса ѝ се лепат за лицето додека зборува. Има голема уста.

– Павилјонот под хотел Борак, на капалиштето?

– Ќе ми објасниш, влези, си смрзнала.

Трга од предното седиште некои хартии, до половина изеден сендвич Монтана и конзервите Ред бул кои се тркалаа по подот.

– Сори, аутото е лом. Долго патувам.

– Па, можам и јас да возам, ако не ти е глупо. Не, без зафрканција, ако си многу уморен. Мене не ми е проблем, жими сѐ, еднаш возев комбе до Брно без застанување, освен два пати кога морав да мочкам, може беа и три, не знам. Ej, да не те замарам, а? Како се викаш?





Го спушти седиштето и лежеше, панорамско разгледување на брегот – ги замения местата. Таа возеше, менуваше станици на радиото, пееше и зборуваше, зборуваше... Боже, како таа жена зборуваше, и колку. Да не беше убава, ќе мислеше дека е луда.

Рече дека се вика Зринка, објасни и зошто, по некоја тетка која била речиси светица, а умрела млада, но таа не е светица, хаха, ни во лудило, иако во суштина е добра девојка, а и не мисли да умре млада, ни на крај памет не ѝ паѓа, сака да се вљуби во пензионерски дом, некаде во шумичка крај море, тоа би бил океј крај.

Треба да го заврши факултетот, прекинала со правото на прва година, не прашај, римското право ја дотепало, па социологија и руски, тоа баш и не ѝ лежело, сега е на втора година од историја на уметноста, ја сака ренесансата, Кокошка и Отон Глих, знае дека тоа нема многу врска едно со друго, ама така ѝ се допаѓа, таа е искрена, можеби и премногу, луѓето тоа не го ценат. Можеби ќе има мала галерија или ќе биде концептуална уметница, веќе има некои интересни идеи, дај кажи ми како ти се чини...

Рацете ѝ се малечки, зглобовите на прстите јазлести, има некој прстен кој ги менува боите во зависност од расположението, вели, сега е виолетов, зашто е немирна и се плаши. Тој павилјон е всушност од полубратот на мајка ѝ, тој бил некаков скулптор, но тука веќе никој не доаѓа, порано имало изложби, дружења, таа тука лете спие, има помошно легло и вреќа, би можел и ти да преспиеш, ако не ти се брза... всушност, подобро не, чека некого... имаш ли уште некој Ред бул, запали ми цигара. Ej, баш си згоден,

имаш убави образи, колку си висок?

Вози во чорапи, големите округли влечки ги пикна под седиштето. Како оди во тоа? Понекогаш при возењето го спушта сенилото и се погледнува во замачканото огледалце. Кога од сенилото испаѓаат автокарти, таа не се вознемирува. Ги фаќа рабовите на усните со палецот и показалецот и ги развлекува надолу, па широко се клешти, нагоре.

Еден стоматолог, инаку познаник, вчера ѝ ги застругал очниците, била горда на своите очници, кои се истовремено и двојки, а тоа инаку се вика, како се вика де – хиподонција на горните латерални секачи, да, без врска, а слатко било, како вампирка. Тоа го има една од сестрите Аркет. Будала, забар... А со што се бавиш ти во животот и каде патуваш? У, фак, виде ли како оној дебил во бемвето ми влета во ножици, џизс! Човече! Ти само дремеш, разведри се! Веруваш ли во судбина?

Зринка верува во судбина, не го зачуди. Едната жолта доколенка спадна и откри убав лист на ногата. Дали забележа дека ја гледа? Црни веѓи, носот малку свиен, мекост во вдлабнатината на тилот... Наскоро ќе свртат кон хотелот Борак, па потоа може и пеш до капалиштето, кон павилјонот. Затоа е многу важно сега, додека сѐ уште може, да му ја раскаже приказната за судбината. Таквите приказни, не биди скептичен, можат да ти го сменат животот.

Се работи за нејзе и за тој тип Дерил, Англичанец. Тој ѝ ја истрижал косата. Била до овде, го сече со показалецот грбот под лопатката. Ја научил да скока на глава, важно е





да се ослободиш, немој да мислиш, скокни, колку повеќе се плашиш, толку побргу ќе се повредиш. Важно е да се ослободиш. Биди храбра! Јас сум Дерилов производ, тврди Зринка, ваква каква што сум сега, слободно на мене би можело да пишува Дерилова, како некоја марка, *бренд*, разбираш?! Ме научи разни работи, за оние работи разни работи. Таа се смее, блескаат постечените очници. O my goodness...

Свртува покрај големата плоча со натпис Хотел Борак и го сопира автомобилот. Мора тоа да му го раскаже, зашто, гледаш, современата технологија ти овозможува да влијаеш на иднината, својата, директно. Точно да ја одредиш својата судбина!

Еве, таа предминатото лето, кога лудо се вљубила во Дерил, си пратила себеси мејл во иднината, знаеш за тој сајт? А не?! Кај живееш бе ти?! Па, воглавно, го одредиле денешниот датум, 16 април 2006, тогаш е неговиот роденден.

Таа напишала и со клик на send ѝ пратила на денешната Зринка:

Драга Зринка,

не заборавај дека денеска треба да се најдеш со Дерил во павилјонот и да му го честиташ роденденот! Понеси подарок!

Тогашниот Дерил себеси си напишал и си пратил во иднината, на шеснаесет априлскиот, во две илјади и шестата, Дерил:

*Darill,*

*Your love is waiting for you in the pavillon, hurry up, she's*

*got a present for you!*

– Гледај, тука е подарокот – се врти и извлекува од торбата свиток со сјајна лента.

– Па, му се јави ли барем?

– Ма нееe, не разбираш, јас го немам неговиот број, мејл, адресата... Таков беше договорот. Тој мораше да расчисти некои работи во животот и така. И јас сега сум сепак позрела отколку пред две години. Од денеска ќе бидеме заедно, долго, мислам... зошто не засекогаш!? Засекогаш е океј.

Долу, под хотелот, се протегаше шеталиштето покрај старото капалиште. Југото имаше исфрлено алги и камења на брегот. Некој човек беспомошно гледаше во чун, веројатно свој, како се прпелка во брановите, во сидриштето. Помисли дека луѓето од внатрешноста не знаат ништо за животот крај море. За таа страшно бавна тага, која останува зад цврсто спуштените капаци на летото. Одеднаш се затвора и одеднаш се отвора живот кој чучи зад блиндираната врата, зад завесата на сцената. А потоа: оперета.

Го замисли Дерил кој утрината, во својот posh стан, можеби куќа, *semi-detached*, како во читанката по англиски јазик, ги кренал ролетните кон backyard-от, заклучил дека денот е пак облачен и дека би требало да се посее нова тревичка и да се исплеват ружите, а потоа со кафе или чај, подобро чај, кој му го сварила жена му (сигурен е дека Дерил има жена која често му се обраќа со darling), во домашна наметка со извезен монограм на градите, го отворил laptop-от и ја прочитал стигнатата пошта. Потоа darling Дерил се поместил од масата, отпил голтка чај и благо се насмевнал. Целиот ден бил малку растресен, можеби дури во еден миг размислувал да му рече на таксистот да го вози на Хитроу, на авион, но потоа му се јавиле од работа дека веќе доцни со проектот и тој воздивнал и засекогаш го навлекол капакот врз она лето кога за малку, ех за малку, ќе ја загубеше главата.





Зринка уште преде за судбината, за љубовта, го повлекува чорапот до коленото, а гранките на ветрот, надвор, ромонат цинично: таа шашава девојка ќе шета сама по ова капалиште во ново пругасто здолниште и ќе влезе во напуштеноста на правливиот павилјон полн со мртви бубачки и долгоноги пајаци. Ќе се пикне во вреќата од која ќе ѕирка само кратко потстрижената глава и, можеби, ќе умре од страв. Ако се плаши од пајаци. Или од самотија. А можеби само кусо ќе поседи на клупичката на која Дерил еднаш ѝ го грицкал увото и шепотел колку е важно, исклучително важно, да се ослободи, да биде храбра... Потоа повторно ќе излезе на патот, од другата страна на магистралата, и ќе го крене палецот.

– Одам јас. Беше добро момче! Вози полека! – го бакна во горната усна, ја префрли торбата преку рамото, па по патеката под хотелот во оние гломазни огромни влечки.

– Па збогум... – помисли тој – Инаку, јас сум Иван, висок 180 см, не се бавам со ништо важно, не патувам никаде

посебно. Можеби би можела да ми правиш друштво...

Здолништето и кожната јакничка и торбата и мекоста во вдлабнатината на тилот заминаа зад боровите, кон павилјонот.

Иван го сврте клучот и во рикверц се качи кон магистралата.

Возеше зад некој камион со градежен материјал. На радио спикерите неуморно зборуваа, како никому да не му е до песна. Кога конечно го престигна тој здодевен камион, од задното седиште на подот падна, замотан во сјајна лента, подарокот за Дерил.



**Едно попладне со Луција Барбариќ**

Гробиштата се високо, на ледина од сива креда. Нема тука кипариси, ни мов помеѓу мермерните плочи, само спржено тло, камењар и налиен бетон, малку жилава исушена трева и зелено стакло од шишињата кои работниците ги користеле за ѕидање на оградата околу гробиштата и црквата. Додека чекориме кон црквичето, меките камења крцкаат под тенките потпетици на сандалите. Циганско лето е, па колоната ја следи брмчењето на инсекти и штурци од пожолтената макија.

Дојдовме само ние дванаесет од класот на Луцииниот погреб. Никој од професорите и никој од момците.

Црквичето е камено, со ѕвоно, јасли, сè што веќе треба, три бора тешки од шишарки над нејзе и мал изметен двор искапан со смола. Внатре влегуваат Лучиините: мајката, таткото и сестрите, уште некои луѓе, семејство веројатно. Ние дванаесет бивши гимназиски колешки, сите во летни фустани, со темни очила за сонце, сите со неодамна наполнети дваесет и осум, се наредивме една крај друга до она недовршено ѕитче, во единствената сенка со километри наоколу. Гласот на свештеникот слабо допира до нас. Се обидувам да ги промрдам ножните прсти така што без наведнување ќе ја исфрлам боровата игличка од сандалата. Стојам на многу тенки потпетици на кои не сум навикната и кои уште сега ме мачат. Но прекрасни се, од црвена кожа со долго тенко ремче кое двапати се обвива околу глуждот и со само една едноставна лента напред... Ау!

– Савичевиќ, пак не внимаваш!

Маријана крвнички, од зад грб, до крај го натегна ластикот на моето елече и го отпушти. Стар школски трик за разбивање монотонија. Како и фрлањето на еден чевел од третиот кат низ прозорецот на училницата, на пример, долу на улица.

Одевме во очајно напорно школо со безброј предмети, со очигледно збркана и претрупана наставна програма, која не ни оставаше премногу од безгрижноста на детството. Впрочем, бевме *воена генерација*.

Каква штета што тогаш не бевме малку полоши – го мислам тоа и денес и знам дека и оние најтивките, најтрудољубивите меѓу нас би го потврдиле истото. А можеби сепак не би? Дали тоа би го потврдила Луција? Најтивката, најтрудољубивата.

Ние неколкуте гласни, кои мислевме дека нас ни припаѓа тој клас и целиот свет, ние ја крадевме слободата, во школското веце, со цигара меѓу намачканите усни, бакнувајќи некој матурант со остра брада помеѓу два писоари или зад школската зграда. Пушејќи ги тие лоши цигари *скришумски*, една по друга додека не ти се слоши, жвалајќи се бескрајно долго, додека не ти потечат усните, како што веќе евтино се надоместуваат слободата и сексот во средно школо. Раснењето е преполно со стигми и грижи на совеста. Никогаш не би сакала пак да имам петнаесет или седумнаесет.

Сега и оние скромни девојчиња, меѓу кои јас никогаш не припаѓав, конечно успеале да ги соблечат пуловерите и џемперите од мамината домашна работилница, пепелавите коси станале огненоцрвени или медени, очилата со дебели рамки се отфрлени со останатите бубаторски стереотипи, блескаат со нов сјај – убави млади жени. Не ги имав видено од петтата годишнина од матурата.... Некои ни тогаш. Чудно, не можам никако да се сетам дали Луција Барбариќ беше таму, на прославата на петтата годишнина? Луција Барбариќ која завчера, велат нејзините родители, паднала од балкон. Мобилниот утредента ѕвонеше речиси постојано и јас ги слушав одамна загубените гласови кои веќе долго не ми недостасуваат, но чувствувам дека сè уште ми требаат, дека веројатно ќе ме потсетат, ако некогаш заборавам која сум. Тие ме памтат во сликичките кои ги вадат од заборавениот девојчински дневник, секогаш исти, моите глупави шеги кои јас сум ги заборавила, но тие не. Дали се тогаш нивни, кога веќе тие ги памтат? Ги памтам ли јас нив? И како?





Сосем јасно се сеќавам на Лучиината лице и глас, темните очи и дека еднаш од нејзе прецртав комплетна задача по тригонометрија... или тоа не беше од нејзе, туку...

– Се сеќаваш ли ти на нешто во врска со Луце? Беше ли она на пет години матура? – ми ги чита мислите Маријана. – Јас нешто слабо ги памтам сите од оној ред до вратата.

– Може и они не се сеќаваат на нас... редот до вратата.

– Како не, мила, ние и премногу се трудевме да нè запамтат. Ние бевме редот од ходникот, хихи.

Ма се сеќавам, сосем добро се сеќавам на едно пролетно попладне со Луција Барбариќ! Она едно и единствено кое го поминав со нејзе во тие четири години. Имам некој

сувенир од нејзиниот живот, нешто по што ќе ја памтам, освен по смртта. Се обидувам да го оживеам, да го развивам тој филм сликичка по сликичка, вратата од станот на деветтиот кат, Станко Барбариќ, пишува, широкото лице на нејзината мајка, па милјето на масата, рачната работа и многуте собни билки и белите завеси на ветрето, топло е, нејзиниот смирен и упорен глас ми ги објаснува краевите на хемиските равенки, а косата ѝ паѓа врз тетратката и мојот отсутен поглед низ прозорецот, кон пролетта која дивее по улиците. Таа ме повлекува за рака: кому јас му зборам... и се смее.

Некој ме потегнува за мишка. Време е. Гробиштата се веднаш тука, зад црквата. Само бетонска плоча и горе на мермерот сликички и имиња на дедото и бабата Барбариќ и бел врежан крст. Луце е тука во сандакот, ја носат, ќе ја спуштат во гробницата и тоа ми е чудно. Како сè да гледам на телевизија. Мноштво луѓе кои плачат. Многу тивко.

Такви ли се погребите на самоубијците? Стишени. Дали е тоа од шокот? Дали е од срамот? Живееме во такво поднебје каде тесните граници поставени во животот понекогаш се протегаат и до смртта и понатаму. Постојат нешта за кои се молчи. Многу нешта за кои се молчи, иако сите знаат сè. Постои и обичај мртовецот да се фотографира, а камерата ја снима тажната случка. Но ова не е таков погреб, за камери.

– Дали си ти заљубена?

– Ма не сум. Не сум.





– О, си, си, ахаха, поцрвене, Луце. Сите се заљубени, како некој може да биде незаљубен!?

Белите завеси, темното зеленило на собните билки, мојот изгризен молив, тетратката полна хемиски равенки, ајде изведи ми ја равенката на љубовта, спојувањето на феромонот со хормоните...

Долу, под нејзиниот прозорец, има многу момчиња на веспи. Никогаш после во животот момчињата не беа толку вити и убави. Тоа некој би требало да им го каже на средношколките, зошто тоа да им се таи; љубете ги сега, љубете ги што повеќе, што понежно, уште малку, и ќе имате некои други очи, а не тие занесените. Занесувајте се до бесвест, по секоја цена, тоа е сè што вреди и никогаш после, ништо што доаѓа после нема да може тоа да го замени. Тоа е она по кое што трагаме, да го повториме тоа чувство, да го предизвикаме, тоа е она што до крајот ни недостасува. Стравотна заљубеност во животот, платонска и страсна, наспроти животот.

После јадевме колачи со многу крем и пиевме сок во кујната со портокалови висечки и креденец, каков што дома имав и јас, какви што впрочем имаше во многу кујни останати од социјализмот. Недалеку од нас се тркалаше војната и кон нашиот град, наскоро ќе ја скратат наставата и ќе има затемнувања, но ние имавме шеснаесет и тогаш не го слушавме татнежот ни крикот ни ударот на телото врз тлото. Можеби птиците беа прегласни. Можеби тоа беше последната година од детството.

Ајде изведи ми ја хемиската равенка на спојувањето на барутот со срцето на шеснаесетгодишна? Кажи ми што се

случува кога ќе се судрат молекулите на крвта и гумата за џвакање?

Кажи ми, зошто толку години потоа Луција Барбариќ, млада професорка по биологија и хемија, ја пречекорила оградата на балконот на деветтиот кат и се фрлила во длабоката летна ноќ, боса, во тенка ноќница? Дали некој слушнал кога рекла: ми се гади вашиот свет, ме боли вашиот свет и впрочем воопшто не го сакам. Кој го собрал нејзиното тело од асфалтот и кога сето тоа почнало?

Бетонската плоча се затвора. Луѓето полека се разотидуваат и тргнуваат кон автомобилите. И нас нè чека пат до градот. Маријана, со многу црвени очи, ме зема под рака, вели:

– Чудно, како смртта понекогаш те зближува со луѓето повеќе отколку животот.

Ги газиме камења, молкум. Внимавам да не го шинам глуждот во овие сандали или да не згазнам во трње. Златни буби, штурец во изгорената трева.

– Знаеш, се сеќавам на едно попладне кога Луција ми покажуваше хемија...

Го стискам во себе тој сувенир, ѝ ја нудам својата сликичка на Маријана и таа желно ја прифаќа, речиси благодарна за тоа, речиси среќна.



**Вкочанети крофни**

1

Траектот стигна во празниот бел град. Се симна прва, темна и вита со сламена шапка на главата. И да имаше некој да ја праша како се вика, таа ќе излажеше. Родителите ѝ беа дале чудно име кое секогаш мораше да го повторува. Каако? Ќе прашаше прашувачот секогаш со некоја гримаса. Така. Ќе речеше таа и ќе ги вовлечеше усните во устата. А прашувачот се правеше дека ги уловил сите гласови од некоја егзотична фонологија: ахаа – така.

Одеше брзо, со спуштен поглед. Гледаше во своите лилави нокти и сините апостолки. Сонцето ги беше спржило лигите, нафтата и кучешките гомна, но тлото беше преблиску до стапалата. Кога ќе ги собуе апостолките, на петиците ќе ѝ бидат исцртани црни кругови. Пот и прашина. Морето во лето е толку далеку од градското пристаниште.

Се тушираше со студена вода, набрзина. Станот беше високо, пријатен и тивок, а надвор птиците крескаа радувајќи му се на небото. Ги отвори ширум прозорците. Потоа ги отвори собите, па орманите, па фрижидерот. Во фрижидерот, уредно наредени на порцеланската чинија веќе месец дена стоеја крофни. Беше заборавила на нив. Ја зеде најблиската. Беше студена и тврда како камен. Беше малку подзасушена, но округла и цврста како дојка.

2

Додека беше мало момче, Паве го сакаше мирисот на фурната. Го сакаше повеќе од мирисот на ималинот, од мирисот на скарите од летните ресторани, па речиси и од мирисот на мамината ноќница. Кога порасна, Паве помагаше во мамината фурна. Додека не заврши школо. Ама тоа со школото малку се одолжи, а на момчето од мирисот на топлиот леб и жешките колачиња веќе му се креваше стомакот.

Единствено што во фурната можеше да изеде беше крофна со мармелад и јогурт. На самиот почеток од кариерата на продавач на печива, воопшто не успеваше да им одолее на жешките крофни. Третиот ден ја изеде целата доза пред новата да биде испечена.

Старата сосетка Русинка дојде по својот леб секојдневен: три четфрти соја-лан, тфе крроффни!

Паве, не кревајќи го погледот од пултот, сечеше кафеава векна. А кога со парче мрсна хартија во раката тргна кон тацната со вчерашни, но итро свежо зашеќерени крофнички, ледениот поглед на старата госпоѓа го сосече:

– Крроффните фи се фкочанети! – грмна од длабочината на Сибир, а Ч-то звучно и тврдо како удар на чекан го зачука Паве среде чело. Стоеше без глас и зјапаше во нејзините мрсно нацртани веѓи и вознемирените мустачиња над тенките усни.

– Крроффните фи се фкочанети! – повтори Русинката, го зеде кесето со лебот и навредено излезе од дуќанот.





3

Џери Мавар се заљуби. Беше тоа минатото лето кога ги посетија капетанот од татковиот брод и неговото семејство: со русата полна жена на високи игличести потпетици и крупниот белокос син со модри очи и дамчест нос. Капетанот имаше црна коса и седа брада, големи шаки и пријатен баритон. Џери првите половина саат беше заљубена во него. Седеше темна и тивка над чинијата со полнети бабури и пире и зјапаше во капетанот, пуштајќи голата рака да ѝ виси покрај столот. Со другата рака со виљушката незаинтересирано од бабурата ја симнуваше зелената лушпа од меленото месо.

Синоокиот син кој седеше до нејзе се навали кон обесената раката така што неговата остра бела коса ја скокоткаше по откриеното раме.

– Кога веќе ќе ти пораснат цицки? – дошепна, а дамките на неговиот нос весело потскокнаа.

Девојчето се здрви. Во очите ѝ надојдоа бесни солзи.

– А ти Џери ништо не ни кажуваш! Како е во гимназија? – праша благо пријатниот баритон.

– Џери?

Сега обете раце ѝ висеа од страна.

– Не може да збори, затрескана е – објасни крупното детиште до нејзе – крроффните ѝ се вкочанети!

4

Со влажно шамиче го избриша темниот отпечаток на стапалото од сините апостолки. Лилавите ноктиња милно

ја гледаа подготвени за вечерна прошетка. И малиот фустан имаше ситни лилави цветови. И сјајот за усни беше благо виолетов. Градникот беше на мајка ѝ, со светлосини прерамки и добро пополнет.

Беше поубава од својата младост. Процветала, рекоа. Стана вистинска девојка, му пишуваше мајка ѝ на татко ѝ. Дали детиштето тоа ќе го забележи? Повеќе не му се лутеше, па допатува од островот само за да го пречека.

Паве стоеше пред вратата со бел прамен над модрите очи и со гондола во раката. Кога ќе ја навиеше, гондолата почнуваше да свири, а малата балерина на нејзе се вртеше во вечна пирует.

Беше толку црвен што ни дамките не му се гледаа.

Џери му ја истргна гондолата од рака:

– Баш ти фала, таква имаше и тетка ми Мери, ама јас ѝ ја искорнав балерината!

Паве само се исклешти. Не знаеше каде да ги смести рацете. Бараше некој џеб, што подлабок. Потоа ги прекрсти на градите.

– Чекај ме овде! – рече и му ја тресна вратата пред носот.

Го отвори фрижидерот и ги врати во него двете крофни кои веќе беа малку смекнати. Градникот го обеси на кваката.

Додека се спуштаа со лифтот во летната ноќ, чувствуваше како пупките ѝ се лепат за тенката ткаенина од фустанчето. Ѝ беше истекло малку мармелад од кајсии.



**Врелите снегови на август**

Кога бев девојче, на сон често ми доаѓаше туѓа смрт. Имаше пријатен глас на радио водителка, благ и полн, заокружен. Глас кој ме лулаше, омајуваше. Мојот страв се повлекуваше, прекриен, балсамиран со светлата музика на памучните самогласки и свилените согласки.

Измамен.

Ненадејно (секогаш ненадејно), ме исплашуваше до лудило. Ќе врекнеше, а плочата на нејзиниот глас почнуваше расипано да завива една иста реченица, со длабок изобличен тон: која е твојата смрт? Која е твојата смрт? Која е?

И така додека не скокнам од постелата и го запалам светлото.

Не дознав чија е тоа смрт и зошто ми го опседнуваше сонот. По некое време престана да шепоти под мојата постела.

Инаку, детството беше мирно: бела страница досада и пријатност која секогаш се испишуваше со слични хранливи зборови, со истите семејни имиња. Беше тоа многу долго детство меѓу молчеливи луѓе. Без траума и еуфорија. Како долго да се движев по еден ист смрзнат кадар на летно попладне во кое на кујнската маса седиме тато, мама, Горан и јас.

Се слушаше само тропкањето на лажиците во порцеланските чинии. Глувотијата која капеше низ прозорецот

во кујната беше жешка и густа. Спокојни и рамнодушни, себично уживавме во тромото траење на животот, во неподвижноста на благиот миг, замаени од врелата тишина на бескрајното летно попладне.

Ветерот полека ги разгрнува чаршафите на сушилото, тие знамиња на сечие детство, и тоа е единственото движење во прозорецот. Вечерта нема да дојде и нема да дојде есен.

Другите деца, бучни и брзи, тешко се вклопуваа во Горановото и моето маѓепсано кралство. Ќе протрчаа, малку нарушувајќи го распоредот на лисјата и птиците во сликата на денот, а ние двајцата останувавме да седиме на гранката во дворот и да гледаме по нив без копнеж.

Како никаде да не одевме и како никој да не ни дошол.

***

Едно утро, пред две години, напипав мала тврда грутка на левата дојка под пупката. Тоа беше моето пушкарско зрно кое некој невидлив ми го истрелал в гради додека сум спиела.

Ништо, всушност, не се промени: утрото остана светлосино, мајка ми ги изнесуваше дебелите перници на сонце во градината, вареше за појадок кафе и јајца во големо тенџере. Татко ми ја боеше тарабата покрај живата ограда и трчкаше помеѓу стеблата поставувајќи ги џуџињата на идеални стратешки позиции. Нивните црвени капчиња ѕиркаа зад китките камилица и издаваа весели керамички воајери. Градински секретари.





Од Горановата соба се слушаше музика; некаде течеше вода, пискаше лончето за кафе. Го кренав од шпоретот и ја сипав мирисната течност во филџан. Уживав во тоа. Телесно. Нежно. Не треба да мислам на лоши нешта, добро ми е. Да, добро ми е.

Така осамна мојот триесетти роденден. И почна одбројувањето. Тајно.

Само мал остар трепет страв кој почива близу до срцето и понекогаш ме потсетува.

Можеби требаше со некого да поразговарам, да отидам на лекар.

Веројатно требаше. Но тоа сè ќе расипеше, знам. Стравот ќе излезеше од грутчето зачнато во мене и како лавина ќе ја затрупаше куќата.

На местото на истиснатиот спокој ќе се вкопаше паника.

Не се плашев од неизвесноста, па ни од болеста, толку, се плашев од мајчината жалост, татковата беспомошност, братовиот очај. Се плашев дека нема да можат да ме гледаат в очи, па ќе станам јадосана и бесна. Нивниот страв ми беше многу пострашен од мојот.

Вака: времето и понатаму стоеше неподвижно, глумејќи вечност. Јас знаев дека таа неподвижност е всушност чекање.

Нешто ќе се случи вон мене, надвор од моето тело или во него. Дотогаш, утрото ќе остане сино, брадестите џуџиња ќе ѕиркаат од грмушките, а перниците ќе се сончаат.

За почеток ќе се напијам кафе, а потоа ќе го раскренам

порцеланот кој се суши покрај мијалникот, ќе замешам шеќер и путер за торта, ќе растопам темно чоколадо за глазура и ќе настојувам да не мислам. Во кујната потоа ќе влезе мајка ми со нова фризура, па татко ми и брат ми, намирисани и убаво облечени.

Утре веќе малку ќе заборавам. Задутре сосем.

Ќе ја донесам тортата на маса, ќе дувнам во свеќите и ќе посакам да се угаснат.

***

Сношти ги сонував врелите снегови на август како паѓаат и се топат и исчезнуваат во широки потоци. Сочно лепливо лето и голи младичи, со цврсти бедра и исправени, се капат во потоците. Лопатките им се тетовирани, а задниците посеани со ситни златни влакненца. И тие се растопуваат во потоците, а јас влегувам и ги барам. Нуркам по нив. Одеднаш се појавуваат околу мене, со водените прсти ми го допираат телото и тоа е пријатно. Ми ги бакнуваат усните и ушите. Си играат и јас го прифаќам тој предизвик. Танц на дланки и половина, па на јазици и прсти. Мека тиња под стапалата и подлабоко. Во утробата. Се смеам, многу гласно, а растопениот снег ми влегува во грлото и ноздриците, а има вкус на шеќерна волна. Младичите понираат со потоците, па се појавуваат одново и сега ме гушкаат поцврсто, како повеќе да не се од вода, ме префрлаат од рака на рака, а јас не се опирам. Уживам.

Еден од нив, висок и со бели очи, ја зема в рака мојата дојка, ја држи на дланката како набрана, па ја принесува кон усните или усните ги принесува кон неа... и силно загризува.





Поитав од креветот низ вратата од собата, низ ходникот. Болката беше силна. Стана присутна. Се најави болеста. Дотапка стравот. Во ходникот, запалив една цигара, па друга. Алиштата беа собрани пред дождот, видов во прозорецот; грмушките ги надраснале џуџињата, ќе морам да го предупредам тато.

Почна да боли пред неколку дена, вчера отидов на лекар.

Во бањата шиштеше жешката вода од чешмата – Горан се бричи. Во белата густа пена неговата уста е многу црвена. Образот го напнал со јазикот и минува преку него со бричот.

Стојам на вратата во ноќница и пушам:

– Горане, морам нешто да ти кажам. Вчера бев на лекар.

Тој ме гледа од замагленото огледало. Остава мазна патека на вратот.

– Знаеш, имам рак, ми даваат уште најмногу година дена, две...

Прво молчи, па ме гледа малку збунето, малку луто. Со работ од дланката остро го брише огледалото. Чекам.

– И уште не си престанала да пушиш?!

Се насмевнувам и ја фрлам цигарата во школката. Чувствувам дека ме гледа, но не ги кревам очите. Добро знам, кога ќе ја кренам главата, повеќе нема да биде исто.